**ЉУБОМИР МИЛОШЕСКИ • LJUBOMIR MILOSESKI**

# Од семејството
# From the Family





**Конча Пиркоска**

*"Сентименталниот однос кон животните е бескрајно деградирачки облик на бестијалноста: расистичко милосрдие кое го наметнуваме на животните".*
*"Клонирањето го потврдува повторувањето на истото, клонот е материјализација на двојникот по генерички пат и укинување на секоја другост и на секоја имагинарност, тоа е апотеоза на една технологија, индустрија и трговија со човечки битија."*

*Ж. Бодријар*

Демаскирањето на човечката хипокризија со ништо не може да го компензира фактот дека тој во својата суштина е убиец, или соучесник-конзумент на убиеното. Според хиерархијата целиот жив свет, освен растителниот, се вклопува во овој ред на чиј врв стои човекот. Невини остануваат само одбраните, препознаени во анонимните будистички свештеници.

Комплексната структура на инсталацијата "Од семејството" на Љубомир Милошевски претставува резултат на неговото неколкугодишно истражување на влијанијата и на последиците од постиндустриската и од биотехнолошката ера врз телесната структура на живиот свет. Ирониските дискурс на телото го исчитуваме токму преку користењето на рециклираниот неконвенционален природен материјал (свинската кожа и нејзиниот дериват сапунот) и преку презентацијата на телесната дегенерација.

Низ дискурсот на телесната дегенерација авторот во овој диптих ја ткае комплексната мрежа од знаци и значења. Во него се испреплетени, слеани и мултиплицирани бројните аспекти на човечката хипокризија, на научната прогресија и на (авто)деструкција. Полизначната структура на оваа инсталација не реферира само на фрагментите од митолошката традиција, туку и на современата естетската хирургија, на последиците од експериментите на генетскиот инженеринг, на родовиот расистички однос на човекот кон животните, но и на клонираниот совршен двојник, како најстар сон во историјата на човекот. Мутираниот "митолошки" бик е огледална слика на хомо дуплексот, на морално мутираниот човек, во кој се препознава неговата анимална (авто)деструктивна природа.

Со заокружувањето на целината на концептот за мутантите авторот не иронизира само со здруженјата за заштита на животните, туку по аналогија и со здруженијата за заштита на луѓето. Тој знае дека во митските времиња животните поради нивната светост имале приоритет во ритуалното жртвување и дека во Средниот век со чинот на подеднаквото судење и погубување била избришана дискриминирачката граница меѓу луѓето и животните. Во XX в. со експанзијата на истребувањето на различните видови започна и нарушувањето на еко синџирот. Во таа коалиција на масовниот геноцид се приклучија и дел од научниците со бројните лабараториски експерименти. Некогашното религиско жртвување го заменија со научното жртвување коешто освен за економски и генетски цели го користат и за вселенски. Ретките примероци од дивината денес живеат во резервати, кафези, фарми, лабаратории и приватни домови. Тој родов расистички однос човекот го замени со поимот хуманизам, криејќи се зад различните видови движења за заштита на животните. Неодамна по смртта на Доли јавно се промовира и новото лабараторискотото животночовекот на коешто, како што вели Бодријар"на патот на либералното истребување му претходеа животните". Во име на науката овие експерименти спакувани во еуфемистички поими сакаат да ја покријат суровата трага на мачењето наречено истражување и на мачилиштата наречени лабаратории. Но, она што е пострашно од експериментите тоа е монструозниот профит заради кој, како што ќе заклучи Бодријар, се "уништува природата на животните, нивниот основен закон на територијалност" и на слобода.

"Клонирањето"на седумте човечки суштества Милошевски ги гради врз принципот на една полова матрица. Бројката седум алудира и на ерата на биотхенолатријата и на укинувањето на творбата на Бога. Шесте клонирани суштества ги предводи седмиот-мутираниот лидер со свинска глава кој реферира на творецот на групата, односно на генетичарот. Тие се јавуваат како реплика на истото, како негација на идентитетот, како отсуство на аурата на Другоста на Другиот. Авторот не само што иронизира туку и протестира против страотното клеточно сериско расадување и умножување, против укинувањето на сексуалноста и промовирањето на смртта на телото, но и како што вели Бодријар против идната индустрија и трговија со човечки битија.



**Konca Pirkoska**

*"A sentimental attitude to animals is an infinitely degrading form of bestiality: a racist kind of mercy that we impose on animals."*

*"Cloning is a confirmation of the same, a clone is materialization of the double in a generic way and cancellation of all forms of otherness and imagination, it is an apotheosis of technology, industry and trading with human beings."*

*J. Baudriard*

*The unmasking of human hypocrisy cannot in any way compensate for the fact that man in his essence is a murderer or an accomplice/consumer of that which he has killed. According to hierarchy, all living things, except for plants, are part of this order on whose top is man. Innocent are only the select ones whom we recognize in the anonymous Buddhist monks.*

*The complex structure of the installation From the Family by Ljubomir Milosevski is the result of his several years-long research of the consequences of the post-industrial and bio-technological era on the structure of the living world. The ironic discourse of the body is read exactly through the use of recycled non-standard natural material (swine skin and its derivate, soap) and through the presentation of corporeal degradation.*

*The author of this diptych weaves a complex net of signs and meanings through the discourse of this degradation. Numerous aspects of human hypocrisy, scientific progress and (self)destruction interweave, blend and multiply in it. The poly-semiotic structure of this installation alludes not only to fragments from the mythological tradition, but also to contemporary aesthetic surgery, the consequences from the experiments of genetic engineering, the racist attitude of man as species to animals, and to the perfect cloned double as the oldest dream in the history of man. The mutated "mythological" bull is a reflection in the mirror of homo duplex, of the morally mutated man in which his animal (self)destructive nature can be recognized.*

*With the completion of the concept of mutants the author does not mock only the associations for the protection of animals but by analogy, associations for the protection of human beings as well. He knows that, because of their sacredness, animals had in mythological times the primacy in sacrificial rituals and that in the Middle Ages, with the act of equal treatment of animals and man in trials and executions, the discriminatory line between them was erased. In the 20th century, with the increasing extinction of various species, the disruption of the ecological chain began. Certain scientists with their numerous laboratory experiments participated in this coalition of mass genocide. The former religious sacrifice was replaced by scientific sacrifice that is being used for economic and genetic purposes and for the exploration of space. Rare specimens of wildlife live today in cages, laboratories, private homes and on farms. Man has replaced this racist attitude with regard to species with the concept of humanism, hiding behind different types of associations for the protection of animals. Recently, after the death of Dolly the sheep, a new laboratory animal, man, was publicly promoted; as Baudriard puts it, "on the road to liberal extinction, man as laboratory animal was preceded by animals." In the name of science these experiments wrapped up in euphemistic terms want to cover the cruel traces of torture called research and places of torture called laboratories. However, the monstrous profit is even more horrific than experimenting. It is because of it, according to Baudriard, that "the nature of animals is destroyed, as well as their basic law of territoriality and freedom."*

*Milosevski builds the "cloning" of the seven human beings on the principle of a gender matrix. The number seven alludes both to the age of biotechnolatry and the cancellation of God's creation. The six cloned creatures are headed by a seventh, the mutated leader with a swine head, a reference to the group's creator - the geneticists. They appear as a replica of the same, as a negation of identity, as absence of the aura of Otherness and the Other. The author not only ironizes but also protests against the horrific serial cell transplantation and multiplication, against the cancellation of sexuality and promotion of the death of the body and also, as Baudriard puts it, against the future industry and trade with human beings.*













**Љубомир Милошески**

Роден е во Струга во 1974 г. Во 1999 г. дипломирал на ФЛУ на педагошкиот оддел сликарска насока во класата на проф. Рубенс Корубин. Во 2002 г. завршил постдипломски студии на сликарскиот оддел на истиот факултет во класата на проф. Родољуб Анастасов.
Адреса: Дрслајца, Струга, тел + 389 46 700 904; моб. 070 820737

**Самостојни изложби**

1999 - Скопје, Музеј на град Скопје
2002 - Скопје, МСУ
2003 - Скопје, Уметничка галерија - Чифте амам

**Групни изложби**

1996 - Струга, Струшко лето, Дом на културата
Битола, Млади Хераклејски вечери, Уметничка галерија
1997 - Кичево, Дом на културата
Струга, Дом на Културата
Битола Уметничка галерија "Моша Пијаде"
Крушево, Културна манифестација "Илинденски денови"
Х. Монтана
1998 - Драслајца, О У"Св Климент Охридски"
Битола, Уметничка галерија "Моша Пијаде"
1999 - Љубљана, Acta non verba II, Музеј на новите случувања,
Цанкарев дворец
Сараево, Acta non verba, Галерија на ФЛУ,
"15 -та Сараевска зима"
Скопје, Дом на АРМ
Струга, Струшко лето, Acta non verba, Дом на културата
2000 - Крањска Гора, Љубљана, Acta non verba III, Х. Присанк,
Нова Љубљанска банка
Сараево, Acta non verba III, Скендерлија, Колегиум Артистикум
Скопје, Acta non verba III, Скопско лето, КИЦ
Радожда, Струга, Acta non verba
2001 - Охрид, Охридска банка
Куманово, Уметничка галерија
2002 - Скопје, МСУ, ДијаЛекти, Досие: Млади македонски уметници
Белград, МСУ, Презентација на ЦД
Шкофија Лока, Меѓународна колонија
2003 - Белград, МСУ, The Last East European Show





**Ljubomir Miloseski**

Born in Struga in 1974. Graduated from Faculty of Fine Arts in Skopje, Pedagogy Department, painting section in the class of prof. Rubens Korubin in 1999. Postgraduated studies from FFA, Painting Department in the class of prof. Rodoljub Anastasov in 2002.

Adress: Draslajca, Struga, phone: +389 46 700904, mobil 070 820737

**Solo exhibitions**

1999 - Skopje, City Museum of Skopje
2002 - Skopje, Museum of Contemporary Art
2003 - Skopje, Art Gallery Chifte Amam

**Group exhibition**

1996 - Struga, Struga Summer, Culture House
Bitola, Young Heraklea evenings, Art Gallery "Mosa Pijade"
1997 - Kicevo, Culture House
Struga, Culture House
Bitola Art Gallery "Mosa Pijade"
Krusevo, Cultural manifestation "Ilinden days" Hotel Montana
1998 - Draslajca, O U"St. Kliment Ohridski"
Bitola, Art Gallery "Mosa Pijade"
1999 - Ljubljana, Acta non verba II, New Events Museum, Cankarin's Castle
Sarajevo, Acta non verba, Gallery of theAcademy of Fine Arts "15 -th Sarajevo winter"
Skopje, ARM house
Struga, Struga Summer, Acta non verba, Culture House
2000 - Kranjska Gora, Ljubljana, Acta non verba III, Hotel Prisank, New Lubljana Bank
Sarajevo, Acta non verba III, Skenderlija, Kolegium Artistikum
Skopje, Acta non verba III, Skopje Summer , KIC
Radozda, Struga, Acta non verba
2001 - Ohrid, Ohrid Bank
Kumanovo, Art Gallery
2002 - Skopje, MSU, DijaLekti, Dosier: Yung macedonian artists
Belgrad, MSU, Presentation of CD
Skofija Loka, International Art Colony
2003 - Belgrad, MSU, The Last East European Show



Издавач: Уметничка галерија Скопје
За издавачот: Златко Теодосиевски
Организатор: Коста Мартиновски
Куратор: Конча Пиркоска
Текст: Конча Пиркоска
Превод на текст: Рајна Кошка
Фотографија:Никола Кукунешоски
Дизајн: Тони Васиќ
Печати : Софија, Богданци

Publisher: Art Gallery Skopje
Editor in chief: Zlatko Teodosievski
Organisation: Kosta Martinovski
Curator: Konca Pirkoska
Text : Konca Pirkoska
Translated into English: Rajna Koska
Photo:Nikola Kukunesoski
Design: Toni Vasic
Print : Sofija, Bogdanci